СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА
НАША БАНКА!

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работењето на Стопанска банка а.д. Битола

## за 2016 година

**Битола, 2017 година**

# Содржина

1. Макроекономско окружување ... 3
2. Биланс на состојба ... 4
   2.1 Пласмани ... 5
   2.2 Извори на средства ... 10
3. Остварени финансиски резултати ... 13
4. Платен промет во земјата ... 16
5. Девизно работење и платен промет со странство ... 17
6. Управување со ризици ... 18
7. Организација и ИТ ... 22
8. Маркетинг-активности ... 22
9. Извештај за корпоративно управување ... 23
   7.1. Собрание на акционери ... 24
   7.2. Надзорен одбор ... 24
   7.3. Одбор за управување со ризици ... 27
   7.4. Одбор за ревизија ... 28
   7.5. Управен одбор ... 29
   7.6. Одбор за надгледување на информативната технологија ... 30
   7.7. АЛКО одбор ... 31
   7.8. Усогласување на корпоративното управување со Кодексот за корпоративно управување на Стопанска банка а.д. Битола ... 31
   7.9. Политика за идентификување на потенцијалните судири на интереси ... 32
   7.10. Корпоративна општествена одговорност ... 33
   7.11. Награди и признанија ... 33
   7.12. Организациска структура и управување со човечки ресурси ... 34

Прилог 1 - Показатели за работењето на Стопанска банка а.д. Битола ... 36
Прилог 2 - Организациска структура на Стопанска банка а.д. Битола ... 37

# 1. Макроекономско окружување

Она што ја одбележа 2016 година на глобално ниво е бавното закрепнување на одредени економии, особено економиите во еврозоната, од последиците предизвикани од неодамнешната глобална финансиска криза. Сепак, евидентни се одредени позитивни придвижувања. Така, податоците за еврозоната, како главен трговски партнер на Македонија, упатуваат на годишна стапка на инфлација од 1,1% на крајот од 2016 година[1], при што бруто-домашниот производ (БДП) на крајот на третиот квартал од 2016 година забележа годишен раст од 1,6%. Економското заздравување на еврозоната главно е поддржано од домашната побарувачка, а дополнително влијание имаат и цените на енергенсите, особено нафтата, по договорот помеѓу земјите-членки на ОПЕК и дел од земјите надвор од ОПЕК за намалување на глобалното производство на нафта со цел нагорно придвижување на цените.

Во текот на изминатата година Европската централна банка (ЕЦБ) изврши дополнително намалување на каматната стапка на депозитите преку ноќ, која подлабоко навлезе во негативната зона (од -0,30% на -0,40%). Каматните стапки на операциите за рефинансирање и на кредитите преку ноќ, исто така, се намалија за 0,05 п.п.[2] Исто така, ЕЦБ ја продолжи примената на неконвенционални мерки за монетарно олабавување, така што во текот на 2016 година продолжија да функционираат програмите за откуп на хартии од вредност: CBPP3 (third covered bond purchase programme), ABSPP (asset-backed securities purchase programme) и PSPP (public sector purchase programme), а дополнително првпат беше активирана и програмата CSPP (corporate sector purchase programme).[3]

Што се однесува на показателите за домашната економија, а во согласност со последните достапни податоци, растот на реалниот БДП во третото тримесечје од 2016 година изнесуваше 2,4%.[4] Најголем придонес кон ваквиот раст имаа: секторот градежништво, финалната потрошувачка и извозот. Во просек, вкупната инфлација за 2016 година е во негативна зона од -0,2%. Намалувањето на домашните цени во најголема мера главно беше условено од падот на цените на храната. Цените на енергијата и базичната инфлација, исто така, забележаа благ пад. Во рамки на надворешниот сектор, во третиот квартал од 2016 година на тековната сметка беше евидентиран суфицит од 130,4 милиони евра, што претставува 1,4% од БДП. Во последниот квартал од 2016 година, кај бруто-девизните резерви беше регистрирано намалување кое во најголем дел се должи натрансакциите за сметка на државата, заради редовното намирување на обврските кон надворешните кредитори, како и намалување на девизните депозити на домашните банки во НБРМ. Показателите за адекватноста на девизните резерви упатуваат на доволно ниво на резерви за справување со евентуални непредвидени шокови. Годишната стапка на раст на вкупните кредити, во согласност со последни достапни податоци од НБРМ, изнесува 1,3%,

---

[1]EUROSTAT, Selected Principal European Economic Indicators. http://ec.europa.eu/eurostat/web/euro-indicators/peeis

[2]ECB, Key ECB Interest Rates https://www.ecb.europa.eu/stats/policy_and_exchange_rates/key_ecb_interest_rates/html/index.en.html

[3]ECB, Asset Purchase Programmes https://www.ecb.europa.eu/mopo/implement/omt/html/index.en.html

[4]НБРМ, Најнови макроекономски показатели јануари 2017 г. http://nbrm.mk/WBStorage/Files/Istrazuvanje_Najnovi_makroekonomski_pokazateli_januari_2017.pdf

додека стапката на раст на депозитите на годишна основа е 4,4%. Притоа, растот на вкупните депозити во поголема мера произлегува од депозитите на корпоративниот сектор, додека растот кај кредитите е резултат на повисокиот обем на одобрени кредити на домаќинствата.

Во текот на 2016 година, НБРМ континуирано ги следеше случувањата и показателите во домашната економија, економијата на еврозоната, како и глобалната економија, притоа приспособувајќи ја монетарната политика на промените во окружувањето. Така, во 2016 година, НБРМ ја зголеми каматната стапка на благајничките записи од 3,25% на 4% како реакција на зголемената побарувачка на девизи и намалување на депозитната база на банките, што беше последица на влошените очекувања на економските субјекти, предизвикани од нестабилната политичка состојба во земјата. До крај на 2016 година, повторно беше направена измена на каматната стапка на благајничките записи во насока на намалување за 0,25 процентни поени и сведување на нивото од 3,75%. Каматните стапки на депозитите на седум дена и прекуноќните депозити останаа непроменети. Оцените на НБРМ за ризиците во 2016 година беа главно непроменети. Во вакви услови, дел од макропрудентните мерки донесени од страна на НБРМ се следните:

- Измена во Одлуката за задолжителната резерва, со која се зголеми стапката на задолжителната резерва за обврски на банките во домашна валута со валутна клаузула, а со цел поттикнување на процесот на денаризација на депозитите во домашниот банкарски систем;
- Донесување на Одлуката за девизен депозит кај НБРМ со цел задржување на депозитите во домашниот банкарски систем. До крај на 2016 година беше одлучено да не се нудат дополнителни девизни депозити, коишто банките би ги пласирале во НБРМ;
- Донесување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот заради усогласување на домашната регулатива со реформите на меѓународниот капитален стандард Базел 3.

Покрај овие мерки, во текот на 2016 година НБРМ донесе и низа одлуки, упатства и одлуки за изменување и дополнување на истите.

Измени и дополнувања имаше и кај дел од законите, меѓу кои ги издвојуваме следните: Закон за банките, Закон за Народната банка на Република Македонија, Закон за вршење на услуги брз трансфер на пари, Закон за девизно работење, Закон за трговските друштва.

## 2. Биланс на состојба

Вкупниот биланс на Стопанска банка а.д. Битола на 31.12.2016 година (без комисионото работење) достигна вредност од 10.580,55 милиони денари, односно 171,76 милиони евра, што претставува раст од 9,87% односно 950,35 милиони денари во однос на 31.12.2015 година. Зголемувањето на вкупната билансна сума во тековната година пред сè е резултат на раст на депозитниот потенцијал и изворите обезбедени од кредитни линии, главно администрирани од МБПР, кои понатаму се искористени за поддршка на стопанството и населението преку одобрените кредити со прифатливото ниво на ризик.

Значајно е што, покрај растот на вкупниот биланс, во текот на 2016 година Банката успеа да ја подобри и неговата квалитативна структура по пат на продажба на дел од средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања, наплата и отпис на дел од

нефункционалните кредити во согласност со Одлуката на НБРМ за изменување и дополнување на Одлуката за управување со кредитниот ризик (Прилог 1).

## 2.1. Пласмани

Во структурата на активата на билансот на Банката со состојба на 31.12.2016 година највисоко учество од 57,32% имаат нето-кредитите. Паричните средства и паричните еквиваленти учествуваат со 28,15%, додека учеството на хартиите од вредност чувани до достасување и преземениот имот изнесува 7,78% и 1,08%, соодветно. Недвижностите и опремата придонесуваат со 4,35% во остварување на вкупниот биланс на Банката, додека останатите активни позиции претставуваат 1,32% од вкупната актива.

| | (во 000 денари) | 31.12.2015 | 31.12.2016 | Годишна промена | | Структура (%) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | апсолутен износ | % | 2015 | 2016 |
| | | 2 | 2 | 2-1 | 2/1 | | |
| 1. | Парични средства и парични еквиваленти | 2.293.353 | 2.978.127 | 684.774 | 129,86 | 23,81 | 28,15 |
| 2. | Кредити и побарувања од банки и финансиски институции | 20.555 | 21.383 | 827 | 104,02 | 0,21 | 0,20 |
| 3. | Кредити и побарувања од комитенти (бруто) | 6.581.021 | 6.266.557 | -314.465 | 95,22 | 68,34 | 59,23 |
| 3.1. | *Правни лица* | 4.687.861 | 3.855.967 | -831.894 | 82,25 | 48,68 | 36,44 |
| 3.2. | *Физички лица* | 1.893.160 | 2.410.590 | 517.430 | 127,33 | 19,66 | 22,78 |
| 4. | Исправка на вредноста и акумулирана амортизација на кредитите и побарувањата | -1.035.353 | -222.826 | 812.526 | 21,52 | -10,75 | -2,11 |
| 4.1. | *Исправка на вредноста и акумулирана амортизација на кредити и побарувања - правни лица* | -985.007 | -180.720 | 804.287 | 18,35 | -10,23 | -1,71 |
| 4.2. | *Исправка на вредноста и акумулирана амортизација на кредити и побарувања - физички лица* | -50.346 | -42.107 | 8.239 | 83,64 | -0,52 | -0,40 |
| 5. | Вложувања во хартии од вредност | 25.394 | 25.394 | 0 | 100,00 | 0,26 | 0,24 |
| 6. | Хартии од вредност чувани до достасување | 1.123.779 | 823.489 | -300.290 | 73,28 | 11,67 | 7,78 |
| 7. | Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | 205.259 | 113.963 | -91.295 | 55,52 | 2,13 | 1,08 |
| 8. | Нематеријални средства | 13.936 | 32.272 | 18.336 | 231,58 | 0,14 | 0,31 |
| 9. | Недвижности и опрема | 319.668 | 460.113 | 140.445 | 143,93 | 3,32 | 4,35 |
| 10. | Останати средства | 82.593 | 67.980 | -14.613 | 82,31 | 0,86 | 0,64 |
| | **ВКУПНО СРЕДСТВА** | **9.630.204** | **10.580.550** | **950.346** | **109,87** | **100,00** | **100,00** |

Паричните средства и еквиваленти со состојба на 31.12.2016 година беа повисоки за 684,77 милиони денари, односно 29,86% споредено со минатата година. Ваквиот раст главно произлегува од зголемени приливи на тековните сметки во странска валута и поголем износ на депозити во НБРМ – средствата од помалку запишани државни записи и ослободена исправка на вредност од кредити на нефинансиски субјекти насочени во седумдневни депозити во НБРМ. Во текот на целата 2016 година, управувањето со паричните средства и еквиваленти беше во функција на одржување на ликвидноста и просечното ниво на задолжителна резерва, притоа водејќи сметка и за профитабилно вложување на средствата.

Вложувањата во хартии од вредност во 2016 година не бележат промена во однос на минатата година, но од аспект на профитабилност значајно е што во текот на цела 2016 година Банката го вложуваше вишокот ликвидни средства во удели кај парични (кеш) фондови, што позитивно се одрази врз финансискиот резултат, односно беше остварен принос во износ од 2,04 милиони денари. Воедно, Банката оствари приходи по основ на дивиденди во износ од 4,83 милиони денари од вложувањата во останати сопственички хартии од вредност (акции), како и од акции преземени врз основа на ненаплатени побарувања.

Хартиите од вредност чувани до достасување, односно вложувањата во благајнички и државни записи со состојба на 31.12.2016 година бележат намалување од 300,29 милиони денари, односно 26,72% во однос на 31.12.2015 година. Намалувањето во целост произлегува од пониски вложувања во државни записи. Сепак, со оглед на тоа што благајничките и државните записи се нискоризични инструменти за одржување на ликвидноста кои овозможуваат остварување солидни приходи од камата, Банката во текот на 2016 година настојуваше дел од средствата да ги вложува во вакви хартии од вредност.

Имајќи предвид дека средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања се некаматоносни позиции, Банката во текот на 2016 година ги засили активностите за нивна продажба, што резултираше со намалување од 44,48%, односно 91,30 милиони денари кај преземениот имот и подобрување на квалитативната структура на активата на Банката. Соодветно влијание врз износот на средства преземени врз основа на ненаплатени побарувања имаа и издвоените исправки (загуби за оштетување) на преземениот имот во согласност со одредбите од Одлуката на НБРМ за сметководствениот и регулаторниот третман на средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања. Загубите за оштетување на преземениот имот на крајот од 2016 година изнесуваа 37,57 милиони денари.







Нематеријалните средства во 2016 година се повеќе од двојно зголемени во однос на претходната година, што се должи на инвестиции во апликативен софтвер, меѓу кои: Mobipay, кирилична поддршка на банкомати, софтвер за електронско потпишување платни налози, апликативно решение Treasury Solution, апликативно софтверско решение Collateral Menagement, како и редовни надградби на постоечките софтверски решенија.

Недвижностите и опремата бележат раст од 140,45 милиони денари, односно 43,93%, главно како резултат на новонабавен недвижен имот за потребите на проширување на дејноста на Банката, главно во Скопје.

Намалувањето во позицијата останати средства произлегува од пониски салда на сметките за краткорочно порамнување.

### 2.1.1. Кредити на нефинансиски субјекти

Кредитната активност на Банката, во текот на 2016 година, се реализираше во согласност со законската регулатива, подзаконските акти на НБРМ, интерните политики и процедури за кредитирање, како и во согласност со Деловната политика, Развојниот план и Финансискиот план на Банката. Најзначајна промена во регулативата која соодветно се одрази врз годишните промени на кредитите и исправката на вредност на кредитите е Одлуката на НБРМ за изменување и дополнување на Одлуката за управување со кредитниот ризик, според која најдоцна до 30 јуни 2016 година банките имаа обврска да ги пренесат од билансна во вонбилансна евиденција (и да продолжат да ги пренесуваат) сите побарувања коишто ги исполнуваат критериумите предвидени со Одлуката.

Во тој контекст, бруто-кредитите на нефинансиски субјекти со состојба на 31.12.2016 година се намалени за 314,47 милиони денари, односно 4,78%, споредено со 31.12.2015 година. Притоа, бруто-кредитите на правни лица, каде што во најголема мера се одрази ефектот од споменатата Одлука на НБРМ, на годишна основа се намалени за 831,89 милиони денари, односно за 17,75%. Доколку се изземе ефектот од оваа Одлука, бруто-кредитите на правни лица нефинансиски субјекти би забележале само благ пад од 0,53%. Остварувањето би било уште подобро доколку се реализираше планираната емисија на корпоративна обврзница, од која најголем дел од средствата би биле насочени во кредити. Отежнатите пазарни услови, емисијата на македонска еврообврзница со повисока каматна стапка, политичката неизвесност во државата, како и слабата инвестициска активност од страна на надворешните инвеститори влијаеја во насока на намален интерес кај јавноста за корпоративната обврзница на Стопанска банка а.д. Битола.

Бруто-кредитите на физички лица на годишна основа бележат позначаен раст од 27,33%, односно 517,43 милиони денари, што е во согласност со стратегиските и деловните цели од Деловната политика, Развојниот и Финансискиот план на Банката за периодот од 2016 до 2020 година, во која беше предвидено зголемено кредитирање на физички лица со цел диверзификација на кредитното портфолио и намалување на ризикот од концентрација.



Покрај одредбите од Одлуката на НБРМ во однос на нефункционалните пласмани, а со цел понатамошно подобрување на квалитативната структура на кредитното портфолио, во текот на 2016 година напорите на Банката беа насочени кон наплата на нефункционални кредити или нивно враќање во редовното кредитно портфолио.Така, комбинираниот ефект од напорите на Банката за намалување на нефункционалните кредити и отписите во согласност со наведената регулатива придонесоа учеството на нефункционални кредити во бруто-кредитно портфолио на нефинансиски субјекти да се намали од 15,46% во 2015 година на 2,29% во 2016 година.




Исто така, учеството на кредитните изложености класифицирани во В, Г и Д категории на ризик во кредитната изложеност за која е определена исправка на вредност е намалено од 16,42% со 31.12.2015 година на 3,16% со 31.12.2016 година, додека учеството на кредитните изложености класифицирани во Д категорија на ризик е намалено од 14,68% на 1,69%.

Покриеноста на нефункционалните кредити со исправка на вредноста на кредитите заклучно со 31.12.2016 година изнесува 148,27%, додека исправката на вредноста како процент од бруто-кредитите изнесува 3,39%. Остварувањето кај овие показатели, исто така, е под влијание на Одлуката на НБРМ во однос на нефункционалните пласмани, односно со отпис на побарувањата кои ги исполнуваат соодветните критериуми се изврши и ослободување на исправката на вредност за тие побарувања, што резултираше со значителен годишен раст на показателот за покриеност на нефункционалните кредити со исправка на вредноста на кредитите, односно значително намалување на учеството на исправката на вредност на кредитите во бруто-кредитното портфолио.

| | **31.12.2015** | **31.12.2016** |
|---|---|---|
| **Показатели за квалитет на кредитно портфолио** | | |
| В, Г, Д / Кредитна изложеност за која е определена исправка на вредност | 16,42% | 3,16% |
| Д / Кредитна изложеност за која е определена исправка на вредност | 14,68% | 1,69% |

| | | |
|---|---|---|
| Нефункционални кредити како % од бруто-кредити | 15,46% | 2,29% |
| Стапка на покриеност на нефункционалните кредити со исправка на вредноста на кредитите | 104,20% | 148,27% |
| Исправка на вредноста на кредитите како процент од бруто-кредитите | 15,56% | 3,39% |

Влијанието на отписите на нефункционални кредити се одрази и врз пазарното учество. Имајќи предвид дека отпишаните кредити речиси во целост беа кредити на нефинансиски правни лица, пазарното учество кај оваа категорија на годишна основа е намалено за 0,43 п.п. Спротивно на тоа, кај кредитите на домаќинства ефектот од отписите беше минимален, а напорите на Банката беа насочени кон зголемено кредитирање на физички лица, така што пазарното учество кај овој сектор бележи годишен раст од 0,29 п.п.

| | **31.12.2015** | **31.12.2016** |
|---|---|---|
| **Показатели за пазарно учество** | | |
| Кредити на нефинансиски субјекти | 2,37% | 2,23% |
| *Претпријатија* | 2,94% | 2,51% |
| *Домаќинства* | 1,61% | 1,90% |

Во текот на 2016 година, Стопанска банка а.д. Битола работеше во насока на понуда на кредитни производи кои ќе одговараат на потребите на клиентите, а воедно ќе ја подобрат конкурентската позиција на Банката. Меѓу кредитните производите кои Банката ги нудеше на своите клиенти – физички лица во 2016 година се следните: ненаменски и наменски потрошувачки кредити, медиплус кредити, кредити за вработени во банки, потрошувачки кредити за пензионери, кредити за рефинансирање за вработени во одредени институции, станбени кредити и субвенционирани станбени кредити, автомобилски кредити и субвенционирани автомобилски кредити, кредити за набавка на деловен простор, кредити за реновирање, кредити со хипотека, договор за рамка лимит, кредит со залог на депозит и комбинирано обезбедување, кредит со залог на обврзници издадени од државата, кредит за купување опрема за земјоделие, кредити за самовработување, комисони кредити, гаранции за физички лица, VISA Clasic,VISA Gold и Master Card Credit кредитни картички, како и overdraft за физички лица пласирани преку Visa Electron и Master Debit картичките. Кај одредени таргет групи Банката пласираше Пакети на производи кои вклучуваат потрошувачки кредит, кредитна картичка без пресметка на кредитна способност и дозволено пречекорување по конкурентски услови, со што привлече нова клиентска база.

Во текот на 2016 година Банката нудеше низа краткорочни и долгорочни денарски и девизни кредити за клиентите – правни лица, меѓу кои би ги издвоиле следните: интрадневен кредит, кредити за ликвидност, business overdraft, кредитни картички за правни лица – VISA Business, кредити за обртни средства, краткорочни револвинг кредити, кредити за извозници, микрокредити за микробизниси, кредити за рефинансирање на изложености во други банки, кредити за финансирање на договорни аранжмани со усогласена рочност, инвестициски кредити. Во делот на акредитиви и работа со гаранции, Банката нудеше: увозни и извозни (ностро и лоро) акредитиви, девизни (ностро и лоро) и денарски гаранции, како и документирани наплати.

Покрај кредитите што ги одобрува од сопствени средства, во текот на 2016 година Банката им овозможи на своите клиенти – правни лица користење кредити од кредитни линии администрирани од МБПР, и тоа: кредитна линија за учество во програмата за финансирање на извозот, кредитна линија за мали и средни претпријатија за трајни обртни средства, програма за кредитирање на развојот на мали и средни претпријатија, кредитна линија од Министерство за финансии – револвинг фонд (администрирани од МБПР), кредити од средства на ЗКДФ, како и кредитни линии од ЕИБ. Средствата од овие кредитни линии главно се наменети за финансирање на развојот на мали и средни претпријатија, трајни обртни средства, поддршка на извозници, италијанска кредитна линија и кредити со гарантна шема на УСАИД.

## 2.2. Извори на средства

Во структурата на вкупните извори на средства со состојба на 31.12.2016 година, највисоко учество од 73,20% имаат вкупните депозити, обврските по кредити учествуваат со 13,24%, додека капиталот и резервите придонесуваат со 12,07% во остварувањето на вкупниот биланс. Остатокот од 1,49% произлегува од останатите пасивни позиции, при што значаен е и придонесот на остварената добивка за деловната година.

| | (во 000 денари) | 31.12.2015 | 31.12.2016 | Годишна промена | | Структура (%) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | апсолутен износ | % | 2015 | 2016 |
| 1. | Вкупни депозити | 7.197.011 | 7.744.743 | 547.731 | 107,61 | 74,73 | 73,20 |
| 1.1 | *Депозити од банки и финансиски институции* | 1.111.775 | 1.210.871 | 99.096 | 108,91 | 11,54 | 11,44 |
| 1.2. | *Депозити од нефинансиски субјекти* | 6.085.236 | 6.533.872 | 448.636 | 107,37 | 63,19 | 61,75 |
| 1.2.1. | *- Правни лица* | 1.638.830 | 1.992.035 | 353.205 | 121,55 | 17,02 | 18,83 |
| 1.2.2. | *- Физички лица* | 4.446.406 | 4.541.837 | 95.431 | 102,15 | 46,17 | 42,93 |
| 2. | Обврски по кредити | 1.059.945 | 1.400.774 | 340.829 | 132,16 | 11,01 | 13,24 |
| 3. | Посебна резерва за вонбилансна изложеност | 3.129 | 5.135 | 2.005 | 164,09 | 0,03 | 0,05 |
| 4. | Други обврски | 106.386 | 122.396 | 16.011 | 115,05 | 1,10 | 1,16 |
| 5. | Капитал и резерви | 1.255.891 | 1.277.436 | 21.544 | 101,72 | 13,04 | 12,07 |
| 5.1. | *Акционерски капитал* | 1.172.931 | 1.172.931 | 0 | 100,00 | 12,18 | 11,09 |
| 5.2. | *Премија од акции* | 645 | 645 | 0 | 100,00 | 0,01 | 0,01 |
| 5.3. | *Резерви* | 62.143 | 69.985 | 7.842 | 112,62 | 0,65 | 0,66 |
| 5.4. | *Ревалоризациски резерви* | 20.172 | 33.874 | 13.702 | 167,93 | 0,21 | 0,32 |
| 5.5. | *Задржана добивка* | 0 | 0 | 0 | | 0,00 | 0,00 |
| 5.6. | *Тековна загуба и непокриена загуба* | 0 | 0 | 0 | | 0,00 | 0,00 |
| 6. | Тековна добивка | 7.842 | 30.067 | 22.225 | 383,40 | 0,08 | 0,28 |
| | **ВКУПНО ОБВРСКИ И КАПИТАЛ** | **9.630.204** | **10.580.550** | **950.346** | **109,87** | **100,00** | **100,00** |

Обврските по кредити со состојба на 31.12.2016 година се зголемени за 340,83 милиони денари, односно 32,16%, споредено со претходната година. Ваквото зголемување главно се должи на продлабочување на соработката со МБПР во делот на користење средства од кредитни линии (ЕИБ, МСП, ТОС, ПИА) што е во согласност со деловните цели на Банката.

Капиталот и резервите на Банката го продолжуваат трендот на раст од година во година, така што во 2016 година се зголемени за 21,54 милиони денари, односно за 1,72%,

споредено со минатата година. Ова е особено значајно од аспект на обезбедување долгорочна стабилност на Банката и солидна подлога за исполнување на супервизорските барања во однос на одредбите од Базел 3. Врз основа на Одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по годишната сметка за 2015 година, усвоена од Собранието на акционери на 11.5.2016 година, добивката на Банката за 2015 година во целост беше распоредена во законски резерви. Капиталот и резервите би биле уште поголеми доколку се реализираше планот за докапитализација преку емисија на корпоративна обврзница на Стопанска банка а.д. Битола.

### 2.2.1. Депозитен потенцијал

Во текот на 2016 година Банката работеше во насока на зајакнување на депозитниот потенцијал како најзначаен извор на финансирање на активностите во работењето. Следствено на тоа, вкупните депозити со состојба на 31.12.2016 година изнесуваат 7.744,74 милиони денари и истите се зголемени за 7,61%, споредено со претходната година. Притоа, депозитите на банки и финансиски институции бележат раст од 99,10 милиони денари, односно 8,91%, депозитите на нефинансиски правни лица се зголемени за 353,20 милиони денари, односно 21,55%, додека депозитите на физички лица пораснаа за 95,43 милиони денари, односно 2,15%.

Од аспект на рочната структура на депозитниот потенцијал на Банката, исто како и минатата година, и во 2016 година учеството на орочените во вкупните депозити се задржа на стабилно ниво од околу 60%. Благото намалување во однос на претходната година, за сметка на раст на депозитите по видување, се должи на повисоки салда на тековните сметки на клиентите правни лица и физички лица.

Што се однесува на валутната структура на депозитите, слично како и минатата година, така и во 2016 година преовладувачка компонента во вкупниот депозитен потенцијал се денарските депозити со 69,87%, девизните депозити учествуваат со 28,37%, додека денарските депозити со валутна клаузула зафаќаат 1,76% од вкупниот депозитен потенцијал. Ваквиот распоред е многу поволен од аспект на ризикот од промена на курсевите на валутите во однос на денарот.






Од аспект на секторската структура, во 2016 година најголемо учество од 58,64% во вкупните депозити имаат депозитите на население. Учеството на депозитите на население во вкупните орочени депозити е уште поголемо и изнесува 63,13%, што е особено значајно од аспект на одржување на стабилно депозитно јадро и дисперзија на ризикот од концентрација. Ваквата состојба е само уште една потврда за довербата на јавноста во Банката.

Показателот бруто-кредити/депозити на нефинансиски субјекти со состојба на 31.12.2016 година изнесува 95,91% и истиот е намален споредено со претходната година главно како резултат на поголемиот апсолутен пораст на депозитите споредено со кредитите.

Показателот вкупни депозити/вкупна актива е намален за 1,53 п.п. споредено со претходната година и истиот изнесува 73,20%. Учеството на вкупни депозити во вкупни обврски (без вклучени капитал, резерви и тековна добивка) бележи годишно намалување од 2,50 п.п., така што заклучно со 31.12.2016 година изнесува 83,52%. Намалувањето кај овие показатели се должи на поинтензивен раст на вкупниот биланс и обврските по кредити споредено со процентот на раст на вкупните депозити.

| | **31.12.2015** | **31.12.2016** |
|---|---|---|
| Бруто-кредити/депозити на нефинансиски субјекти | 108,15% | 95,91% |
| Вкупни депозити/вкупна актива | 74,73% | 73,20% |
| Вкупни депозити/вкупни обврски | 86,02% | 83,52% |

Во 2016 година Банката успеа да го зголеми пазарното учество во вкупни депозити на нефинансиски субјекти од 1,99% на 2,02%. Притоа, депозитите на нефинансиски правни лица, бележат раст од 0,11 п.п. споредено со 31.12.2015 година, додека пазарното учество на депозитите на домаќинства е речиси непроменето.

| | **2015** | **2016** |
|---|---|---|
| **Показатели за пазарно учество** | | |
| Депозити на нефинансиски субјекти | 1,99% | 2,02% |
| *Претпријатија* | 1,88% | 1,99% |
| *Домаќинства* | 2,02% | 2,01% |

Во делот на депозитно работење, во текот на 2016 година Банката нудеше производи и услуги во согласност со потребите на клиентите и потребите на Банката за обезбедување соодветни извори за финансирање на активните позиции, притоа водејќи сметка за профитабилноста. Депозитни производи кои Банката ги нудеше на физички лица се следните: денарски и девизни трансакциски сметки, орочени депозити, отворени штедни влогови, скалест депозит, детско штедење, долгорочни денарски и девизни депозити со фиксен стимулативен додаток, како и депозити со антиципативна исплата на камата. Дел од депозитните производи на Банката наменети за правни лица се: трансакциски сметки во денари и девизи, депозити со прогресивна камати, депозити со антиципативна испата на камата, девизни депозити, флексибилни депозити.

## 3. Остварени финансиски резултати

Стопанска банка а.д. Битола во периодот 1.1-31.12.2016 година оствари **нето-добивка** во износ од 30,06 милиони денари, што претставува значително подобрување во однос на 2015 година кога добивката на Банката по оданочување изнесуваше 7,84 милиони денари. Остварениот позитивен финансиски резултат за 2016 година уште повеќе добива на значење доколку се земе предвид големата конкуренција во рамки на банкарскиот сектор, економските и политичките услови во домашната економија и бавното закрепнување на глобалниот економски амбиент во текот на годината.

Воедно, способноста на Банката за генерирање оперативни приходи во обем кој не само што ги покрива редовните расходи од работењето туку останува и вишок за покривање на останати расходи кои не произлегуваат од редовните банкарски активности би ја истакнале како значајна позитивна карактеристика во работењето на Стопанска банка а.д. Битола во 2016 година. Во тој контекст, **оперативниот резултат** за периодот 1.1-31.12.2016 година е позитивен во износ од **72,40 милиони денари**.

| (во 000 денари) | 1.1-31.12.2015 | 1.1-31.12.2016 | Годишна промена | |
|---|---|---|---|---|
| | | | апсолутен износ | % |
| **Нето-приходи од камата** | **258.972** | **294.012** | **35.040** | **113,53** |
| Приходи од камата | 392.839 | 431.388 | 38.549 | 109,81 |
| Расходи од камата | -133.867 | -137.376 | -3.509 | 102,62 |
| **Нето-ефект од резервации** | **-64.153** | **-52.487** | **11.666** | **81,81** |
| **Нето-приходи од провизија и надоместоци** | **94.181** | **90.448** | **-3.733** | **96,04** |
| Приходи од провизија и надоместоци | 122.085 | 129.309 | 7.224 | 105,92 |
| Трошоци за провизија и надоместоци | -27.904 | -38.861 | -10.957 | 139,27 |
| **Нето-курсни разлики** | **20.589** | **24.500** | **3.911** | **118,99** |
| **Општи административни трошоци и амортизација** | **-296.323** | **-336.564** | **-40.241** | **113,58** |
| Трошоци за плати | -156.150 | -185.996 | -29.846 | 119,11 |
| Останати административни трошоци | -106.659 | -116.951 | -10.292 | 109,65 |
| Амортизација | -33.514 | -33.616 | -102 | 100,31 |
| **Нето-останат оперативен резултат** | **-8.060** | **10.613** | **18.673** | **-131,67** |
| Останати оперативни приходи | 40.635 | 53.509 | 12.874 | 131,68 |
| Останати оперативни расходи | -48.695 | -42.896 | 5.799 | 88,09 |
| **Резултат од хартии од вредност** | **3.926** | **4.828** | **902** | **122,97** |
| **Бруто-добивка** | **9.132** | **35.349** | **26.217** | **387,09** |
| Данок на добивка | **-1.290** | **-5.282** | **-3.992** | **409,49** |
| **Нето-добивка** | **7.842** | **30.067** | **22.225** | **383,40** |
| Нето-добивка во ЕУР | **128** | **489** | **361** | **383,40** |
| ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ | **373.742** | **408.959** | **35.217** | **109,42** |
| ОПШТИ АДМИНИСТРАТИВНИ ТРОШОЦИ | **-296.323** | **-336.564** | **-40.241** | **113,58** |
| **ОПЕРАТИВЕН РЕЗУЛТАТ** | **77.419** | **72.395** | **-5.024** | **93,51** |

**Нето-приходите од камата**, како позиција со најзначајно учество во структурата на вкупните приходи од работењето, во 2016 година бележат раст од 13,53% во однос на претходната година. Ваквиот раст пред сè е резултат на добро управување со каматоносната актива и пасива, подобрен квалитет на кредитното портфолио и промени во Одлуката за политиката на каматни стапки на Банката, што се рефлектираше преку позначаен процентуален пораст на приходите од камати споредено со расходите за камати. Од аспект

на структурата, најголем придонес од 71,61% кон остварените нето-приходи од камата во 2016 година имаат нефинансиски правни лица.




Нето-приходите од провизии и надоместоци бележат благо намалување од 3,96% на годишна основа. Притоа, приходите од провизии се зголемени за 5,92% во однос на 2015 година, додека порастот на расходите од провизии и надоместоци главно е генериран од воведувањето нов производ – Master Card, чии ефекти во идниот период ќе се рефлектираат на приходната страна.




**Нето-курсните разлики** остварени во текот на 2016 година изнесуваат 24,50 милиони денари и истите се поголеми од остварувањето во 2015 година за 3,91 милиони денари, односно 18,99%, што е резултат на добро управување со отворената девизна позиција на Банката, склучување трансакции на девизен пазар и арбитражи на меѓубанкарски пазар по поволни купопродажни курсеви.

Заклучно со 31.12.2016 година, **резултатот од хартии од вредност**, односно дивидендите остварени од вложувања во сопственички хартии од вредност изнесуваат 4,83 милиони денари и истите се поголеми од остварувањето во 2015 година во согласност со одлуките на издавачите на хартиите од вредност за распределба на добивката.

На страната на расходите од работењето, **општите административни трошоци и амортизацијата** бележат раст од 13,58% во однос на истите остварени во 2015 година. Притоа, трошоците за плати се зголемени за 19,11%, останатите административни трошоци пораснаа за 9,65% на годишна основа, додека амортизацијата го задржа приближно истото ниво како и минатата година. Ваквото остварување кај овие категории на трошоци главно е резултат на зголемениот обем на работа, зголемениот број вработени, трошоци за тековно и инвестиционо работење во согласност со плановите за раст и развој, како и зголемени трошоци за маркетинг за промоција на производите и услугите на Банката.

Останатите приходи и расходи од работењето кои имаат карактер на вонредни приходи и расходи се опфатени во позицијата **нето-останат оперативен резултат**, кој во 2016 година е позитивен во износ од 10,61 милиони денари, за разлика од 2015 година, кога во оваа позиција доминанти беа расходните ставки кои генерираа негативен нето-ефект од -8,06 милиони денари. Останатите оперативни приходи се поголеми од реализацијата во 2015 година, што главно се должи на остварени капитални добивки од продажба на преземен имот за наплата на ненаплатени побарувања и приходи по основ на наплатени отпишани побарувања евидентирани на вонбилансна евиденција. Останатите оперативни расходи се пониски од остварените во 2015 година, што се должи на помали трошоци по основ на судски спорови.

Остварувањето во позицијата **нето-ефектот од резервации,** која ја вклучува исправката на вредноста на финансиските средства и загубата за оштетување на нефинансиските средства, е подобро во однос на минатата година, односно негативниот нето-ефект од резервации е помал за 11,67 милиони денари, споредено со претходната година. Ова главно се должи на помала загуба за оштетување на преземениот имот. Резултатот од работењето на Банката, пред исправка на вредноста, загуба за оштетување и данок на добивка, е позитивен во износ од 87,84 милиони денари и поголем во однос на минатогодишниот за 19,85%.

Следствено на остварената нето-добивка за 2016 година, како и остварувањата во Билансот на состојба, показателите за принос на капиталот и принос на активата, **ROE** и **ROA**, се позитивни и изнесуваат 2,35% и 0,28%, соодветно. Стапката на оперативни трошоци во однос на вкупни оперативни приходи изнесува 82,30%, што претставува благо зголемување во однос на остварената во 2015 како резултат на повисоките трошоци за плати и останати административни трошоци.

| | **01.01-31.12.2015** | **01.01-31.12.2016** |
|---|---|---|
| Оперативни трошоци/вкупни оперативни приходи | 79,29% | 82,30% |
| ROE по оданочување | 0,62% | 2,35% |
| ROA по оданочување | 0,08% | 0,28% |

## 4. Платен промет во земјата

Платниот промет во земјата Банката го извршуваше преку мрежата на експозитури во: Битола, Скопје, Струмица, Гевгелија, Прилеп, Тетово, Охрид, Кавадарци, Велес, Ресен и Демир Хисар.

Во текот на 2016 година беа отворени 7.931 сметка, што е одраз на напорите кои Банката ги вложува во подобрување на производите и услугите, достапност на истите преку распространетата мрежа на банкомати и експозитури и раст на довербата на клиентите во Банката. Доминантно учество од 91,83% во вкупниот број новоотворени сметки имаа физичките лица. Што се однесува на затворените сметки, во 2016 година затворени беа 4.018 сметки на физички лица, од кои 91,94% беа сметки на неактивни учесници во платниот промет затворени во согласност со член 13, став 4 од Законот за платен промет, а само 0,40% беа затворени на барање на клиент. Од 543 сметки на правни лица затворени во 2016 година, најголем дел, односно 65,01%, беа сметки без промет затворени во согласно член 13, став 4 од Законот за платен промет, а само 7,73% односно 42 сметки беа затворени на барање на клиент.

Со состојба на 31.12.2016 година вкупниот број трансакциски сметки на правни и физички лица во Банката изнесува 130.498 сметки што претставува раст од 2,65% во однос на 31.12.2015 година.

При извршување на платниот промет во земјата, во извештајниот период беа обработени 1.629.415 инструменти во вкупна вредност од 166.459,83 милиони денари. Споредено со претходната година, вкупниот промет не бележи значајна промена, додека бројот на обработени налози е поголем за 5,23%.

Од аспект на структурата на налозите според нивниот износ, во 2016 година доминантно е учеството на безготовинскиот платен промет во вкупниот промет со 96,39% без позначајни промени на годишна основа. Готовинскиот платен промет во 2016 година учествува со 3,61% во вкупниот промет.

| Денарски инструменти за плаќање | 1.1-31.12.2015 | | | 1.1-31.12.2016 | | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | Износ (во 000 денари) | Структура | Број | Износ (во 000 денари) | Структура | 4:1 | 5:2 |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| **1.Безготовински** | **1.032.737** | **163.035.341** | **96,58** | **1.105.081** | **160.457.467** | **96,39** | **107,01** | **98,42** |
| 1.1.Налози за пренос (ПП 30) | 692.534 | 158.864.325 | 94,11 | 750.522 | 155.774.285 | 93,58 | 108,37 | 98,05 |
| 1.2.Налози за јавни давачки (ПП 50) | 82.875 | 1.459.430 | 0,86 | 95.613 | 1.840.992 | 1,11 | 115,37 | 126,14 |
| 1.3.Налози за бруто-плата (ПП 53) | 257.328 | 2.711.586 | 1,61 | 258.946 | 2.842.190 | 1,71 | 100,63 | 104,82 |
| **2.Готовински** | **515.667** | **5.768.895** | **3,42** | **524.334** | **6.002.362** | **3,61** | **101,68** | **104,05** |
| 2.1.Налози за уплата (ПП 10 и ПП 50) | 495.638 | 5.141.434 | 3,05 | 504.819 | 5.355.527 | 3,22 | 101,85 | 104,16 |
| 2.2.Налози за исплата (ПП 40) | 20.029 | 627.461 | 0,37 | 19.515 | 646.835 | 0,39 | 97,43 | 103,09 |
| **3.Вкупен промет (1 + 2)** | **1.548.404** | **168.804.237** | **100,00** | **1.629.415** | **166.459.828** | **100,00** | **105,23** | **98,61** |

Покрај растот на бројот на трансакциски сметки на клиентите правни и физички лица, од особено значење е што и бројот на клиенти корисници на услугите на Банката е зголемен.

## 5. Девизно работење и платен промет со странство

Стопанска банка а.д. Битола во текот на 2016 година успешно ги извршуваше активностите во делот на девизно работење и платен промет со странство, притоа постигнувајќи зголемен обем на работа споредено со 2015 година. Банката во периодот од 1.1 до 31.12.2016 година обработи 23.986 инструменти на платниот промет за своите комитенти, во двата правци, во вкупна вредност од 206,67 милиони евра. Вкупниот промет е поголем од минатогодишниот вредносно за 31,38% и по број на инструменти за 4,78%. Од аспект на износот, девизните приливи се поголеми за 41,16%, а девизните одливи бележат годишен раст од 22,23%.

| Девизни инструменти за плаќање | **1.1.-31.12.2015** | | **1.1.-31.12.2016** | | **Индекси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | износ (во 000 ЕУР) | број | износ (во 000 ЕУР) | 3:1 | 4:2 |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1.**Прилив** | **17.089** | **76.018** | **17.318** | **107.309** | 101,34 | 141,16 |
| 1.1. Дознаки | 17.089 | 76.018 | 17.318 | 107.309 | 101,34 | 141,16 |
| 1.2. Акредитиви | 1 | 118 | 0 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| 2.**Одлив** | **5.802** | **81.293** | **6.668** | **99.361** | 114,93 | 122,23 |
| 2.1. Дознаки | 5.791 | 81.008 | 6.659 | 99.171 | 114,99 | 122,42 |
| 2.2. Акредитиви | 11 | 285 | 9 | 190 | 81,82 | 66,67 |
| 3.**Вкупен промет** (1+2) | **22.891** | **157.311** | **23.986** | **206.670** | 104,78 | 131,38 |
| 4.Разл.прил.одлив (1-2) | | -5.275 | | 7.948 | | |
| 5.Покриеност на одливот (1:2) | | 93,51 | | 108,00 | | |

Покрај девизен платен промет со странство, во текот на 2016 година Банката вршеше и останати активности од областа на девизното работење. Во тој контекст, Банката склучуваше трансакции на девизен пазар за купопродажба на девизи.

| | **2015** | | **2016** | | **индекси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **бр.на заклучници** | **износ во 000 еур** | **бр.на заклучници** | **износ во 000 еур** | **3:1** | **4:2** |
| | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| Продажба | 3.774 | 47.373 | 4.035 | 42.966 | 106,92 | 90,70 |
| Купување | 7.890 | 32.021 | 6.852 | 45.851 | 86,84 | 143,19 |
| **Вкупно** | **11.664** | **79.394** | **10.887** | **88.817** | **93,34** | **111,87** |

Од погоренаведените податоци, евидентно е зголемување на износот на склучени трансакции за купување девизи во 2016 година, и тоа за 43,19%, соодветно. Износот на трансакциите во кои Банката се јавува како продавач на девизи е намален за 9,30%. Во вкупност, евидентен е годишен раст на трансакциите на девизен пазар за купопродажба на девизи, што делумно се должи на поголеми купопродажби со физички лица, а делумно на продлабочената соработка на Банката со клиенти увозници и извозници во согласност со

потребите на клиентите за плаќање на увозот или конверзија на девизните приливи по основ на остварен извоз.

Со цел затворање на отворените девизни позиции од менувачко работење и девизен пазар, Банката склучуваше трансакции, т.е. арбитражи на меѓубанкарски пазар кои во текот на 2016 година дадоа значаен придонес кон остварување позитивни курсни разлики. Имено, курсните разлики од тргување на девизен пазар и арбитражи на меѓубанкарски пазар придонесуваат со 72,32% во вкупните нето-курсни разлики генерирани во текот на извештајната година.

## 6. Управување со ризици

Во текот на 2016 година, процесите на управување со ризици во Банката се одвиваа во согласност со законски пропишаните супервизорски стандарди, Стратегијата за управување со ризици, Деловната политика, Развојниот и Финансискиот план, како и останатите интерни акти. Притоа, фокусот беше ставен на управување со кредитниот ризик како еден од најголемите ризици на кои е изложена Банката, но соодветно се следеа и се контролираа и останатите видови ризици. Активната вклученост на органите на управување беше неизоставен дел од активностите за идентификација, следење и контрола на ризиците на кои беше изложена Банката во 2016 година. Исто така, Банката вршеше стрес-тестирања за оценка на потенцијалното влијание кое одделни надворешни или внатрешни фактори би го имале врз одделни видови ризици.

**Кредитен ризик**

Со цел подобро управување со кредитниот ризик во текот на 2016 година, беа преземени низа мерки и активности за унапредување на процесите на управување, мерење, следење и контрола на кредитниот ризик, меѓу кои би ги издвоиле следните:

- воведено е ново Корисничко упатство за нетирање на финансиските извештаи на клиентите кое произлезе од измените на Процедурата за управување со кредитен ризик;
- воведено е ново Корисничко упатство за консолидација на финансиските извештаи на клиентите;
- направени се измени на Политиката за управување со кредитен ризик;
- изготвена е нова Процедура за мониторинг на физички лица;
- направени се измени на Процедурата за управување со кредитен ризик, Процедурата за максимална кредитна изложеност и Процедура за идентификување и следење на поврзани лица и лица поврзани со Банката;
- направена е измена на Корисничкото упатство за внес на поврзани субјекти;
- извршени се повеќекратни измени на Планот за намалување на кредитната изложеност на групациите на големите акционери и поврзаните субјекти со нив;
- извршени се измени на Каталогот за обезбедување во насока на воведување нови средства за обезбедување, како и промени на коефициентите на пондер за пресметка на ефективната вредност на колатералите.

Службата за управување со кредитен ризик исто така обавува редовни обуки по одредени регулаторни и интерни измени и дава предлози до другите стручни служби на Банката, како и мислења при воведување нови производи.

Покрај ex-ante активностите за управување со кредитен ризик кои се спроведуваат заради минимизирање на овој тип на ризик во моментот на одобрување на кредитните изложености, Банката соодветно внимание посветуваше и на ex-post управувањето со кредитен ризик. Во тој контекст би ги издвоиле активностите кои се преземаа во рамки на Службата за мониторниг, наплата, нефункционални кредити и преземени средства чија основна цел беше контрола и следење на кредитното портфолио на клиентите, со предлог-мерки за наплата на побарувањата по реализирани кредити заради минимизирање на процентот на кредитно портфолио во доцнење, односно унапредување на системот за рано предупредување (EWS).

Добар показател за успешноста во управувањето со кредитниот ризик претставува структурата на изложеноста на кредитен ризик по категории на ризик. Вкупната изложеност на кредитен ризик со состојба на годишно ниво не бележи поголеми промени, така што на 31.12.2016 година изнесуваше 9.613,99 милиони денари. Треба да се има предвид дека и тука соодветно влијание има отписот на нефункционални кредити во согласност со Одлуката на НБРМ за изменување и дополнување на Одлуката за управување со кредитниот ризик, така што евидентно е годишно намалување од 12,99 п.п. на изложеноста класифицирана во Д категорија на ризик во вкупната изложеност на кредитен ризик за која е определена исправка на вредноста.




## Ликвидносен ризик

Процесот на управување со ликвидносниот ризик во 2016 година Банката го извршуваше во согласност со законската регулатива, актите на НБРМ, како и интернопропишаните политики и процедури. Во таа насока, Банката на дневна основа ги следеше и управуваше со паричните приливи и одливи, истовремено водејќи сметка за рочната структура на средствата и изворите. Банката редовно ги следеше и ликвидносните показатели, притоа одржувајќи ги истите во рамки на интерните и законски пропишаните лимити. Во текот на 2016 година стапките на ликвидност до 30 и 180 дена, нивото на концентрација и учеството на 20-те најголеми депоненти во просечната депозитна база се одржуваа во рамки на законските и интернопоставените лимити, а воедно се управуваше со депозитниот потенцијал во насока на обезбедување стабилно депозитно јадро. Исто така, Банката во целост ја почитуваше законската обврска за одржување задолжителна резерва,

истовремено водејќи сметка за пласирање на вишокот средства во каматоносни позиции во НБРМ, што позитивно се одрази врз профитабилноста на Банката. Процентот на просечно остварување на задолжителната резерва во текот на 2016 година се движеше во интервалот од 100,49% до 100,81%.




**Валутен ризик**

Во услови на стабилен курс на денарот, а со цел сведување и одржување на валутниот ризик на прифатливо ниво, во текот на 2016 година Банката делуваше во согласност со регулативата на НБРМ и интерните политики и процедури за управување со валутен ризик. Во периодот 1.1-31.12.2016 година, Банката на дневна основа ги следеше и ја известуваше НБРМ за промените во активните и пасивните позиции во денари со валутна клаузула и во девизи, притоа одржувајќи ја агрегатната девизна позиција во рамки на законски пропишаниот лимит од +/-30% од сопствените средства.

**Оперативен ризик**

Оперативниот ризик е дефиниран како ризик од загуба поради несоодветни или слаби внатрешни процеси, несоодветни лица, несоодветни или слаби системи во Банката и надворешни настани. Оперативниот ризик ги опфаќа и правниот ризик, ризикот од перење на пари и финансирање на тероризам, како и ризикот од несоодветност на информативните системи.

Стопанска банка а.д. Битола континуирано ги следи, ги контролира и ги анализира процесите и настаните што се извршуваат во Банката, ја мери изложеноста на оперативен ризик и презема соодветни мерки за спречување евентуални идни штети кои негативно би се одразиле врз финансискиот резултат и капиталот на Банката. Притоа активностите на Банката поврзани со управувањето со оперативен ризик се насочени кон зајакнување на контролите врз процесите и системите, а се во согласност со Политиката и Процедурата за управување со оперативен ризик, кои, пак, се усогласени со важечката законска регулатива. Значајно е што евиденцијата и следењето на оперативниот ризик се одвиваат со употреба на системско решение, со што дополнително се придонесува за унапредување на процесот на управување со оперативен ризик.

Во периодот јануари-декември 2016 година, Банката не регистрира настани кои би предизвикале значајна материјална штета.

**Репутациски ризик**

Репутацискиот ризик е дефиниран како ризик врз добивката или сопствените средства на Банката кој произлегува од неповолни оценки за Банката од страна на клиентите, доверителите, акционерите и супервизорите. Во текот на цела 2016 година, Стопанска банка а.д. Битола делуваше во насока на градење и одржување на угледот на Банката, преку воспоставување професионални односи со клиентите и со деловните партнери кои се засноваат на меѓусебна доверба, сигурност, етика и законско работење. На ваков начин Банката успешно управуваше со репутацискиот ризик, притоа почитувајќи ги законите, актите на НБРМ, како и интернопропишаната Политика за управување со репутациски ризик и Процедура за постапка по поплаки од клиенти на Стопанска банка а.д. Битола. Во 2016 година не е регистриран настан кој значително би ги загрозил угледот и репутацијата на Банката.

**Ризик од промена на каматни стапки во портфолиото на банкарски активности**

Управувањето со ризикот од промена на каматни стапки на портфолиото на банкарски активности во текот на 2016 година се спроведуваше во согласност со регулативата и интерните акти (Политика и Процедура за управување со ризикот од промена на каматни стапки на портфолиото на банкарски активности), при што фокусот беше ставен на:

- измени и дополнувања на Одлуката за политиката на каматни стапки на Стопанска банка а.д. Битола во насока на зајакнување на конкурентската позиција на Банката во однос на другите банки;
- континуирано следење на просечните пондерирани каматни стапки на активата и пасивата;
- следење на движењето на каматните стапки на НБРМ, пазарот на пари и светските финансиски пазари;
- следење на рочната усогласеност на каматночувствителните активни и пасивни позиции и утврдување коефициент на каматен ризик.

Во 2016 година, Банката во целост ја исполнуваше обврската за известување во согласност со актите на НБРМ и редовно ги изготвуваше и ги доставуваше извештаите за промена на економската вредност на портфолиото на банкарски активности за позициите со фиксна, прилагодлива и променлива каматна стапка, како и вкупна пондерирана каматна стапка.

Просечната пондерирана каматна стапка на активата остварена на 31.12.2016 година изнесуваше 4,80%, додека просечната пондерирана каматна стапка на пасивата изнесуваше 1,65%. Нето-каматната маргина со состојба на 31.12.2016 година достигна 3,12%.

# 7. Организација и ИТ

## 7.1.ИТ Служба и хелп деск

Со цел подобрување на функционалноста на ИТ-процесите, подобрување на услугите кои Банката ги дава, како и надминување на ризиците произлезени од анализата на сигурноста на информативниот систем на Банката, реализирани се следните активности: надградба и проширување на системите за складирање податоци со редизајнирање на нова инфраструктура на Резервната локација, како и проширување на сервисите и воведување систем за backup-ирање, надградба и имплементација на кориснички и системски софтверски лиценци, набавка и поставување клиентска опрема за потребите на нови вработувања и обновување на постоечката, обновување на клиентската опрема за печатење, комплетно редизајнирање на јавната интернет-страница на Банката, воведување нови електронски сервиси за плаќање и авторизација.

## 7.2.Служба за организација

Во изминатата година беа изработени вкупно 120 нови извештаи, со што беше подобрен репортинг-системот на Банката. Во тек беше имплементација на нов систем за електронско банкарство. Имплементирани беа околу 30 нови функционалности со коишто е зголемен квалитетот на банкарскиот апликативен софтвер. Службата даде поддршка при имплементација на нови производи како Master card, Mobipay, софтверско решение за евиденција на поврзани субјекти, софтверско решение за евиденција на колатерали. Извршен е редизајн на јавната интернет-страница на Банката, со што е изработено модерно и квалитетно интернет-решение.

# 8. Маркетинг-активности

Како и секоја организација, така и Стопанска банка а.д. Битола го следи пулсот на клиентите и маркетиншки соодветно реагира на нивните барања и потреби. Во текот на 2016 година беа реализирани серија активности во насока на зајакнување на брендот и зголемување на свесноста на брендот на Стопанска банка а.д. Битола.

Изработена беше комплетно нова интернет-страница, чија практичност за користење ветува поголеми шанси за успешно зголемување на продажбата на услугите и производите на Банката. Прегледна и систематизирана поставеност на сите услуги и производи, објавување ажурирани податоци, лесна навигација, достапни формулари. Страницата има прилагодена мобилна верзија, која е неопходна поради сè поголемиот број клиенти кои го користат својот мобилен уред за да пристапат на интернет.

Изработен беше корпоративен анимиран спот за генерално подигање на свесноста за брендот на Банката. Истиот беше прикажан на видеобимови на сите концерти каде што Банката се појави како спонзор: на ТВ Орбис во Битола, аплициран е на АТМ-апаратите на Банката и поставен е на нашата интернет-страница, линкуван на сопствен youtube канал.

Направени се над 35 креативни решенија за корпоративно рекламирање на Банката, како и креативни решенија за промоција на различни производи и услуги на Банката. Истите беа аплицирани на најразлични маркетиншки алатки: флаери, on-line банери, реклами за печатени изданија, билборди, интернет-страница, рекламни материјали.

Рестриктивниот буџет во делот на закуп на рекламен простор налага стратегија за закуп со која се опфаќаат медиуми со покриеност која дава најголем можен ефект во однос на цената на чинење. Од тие причини, во измината година најголем процент на средствата се алоцираа за закуп на рекламен простор на on-line портали и outdoor рекламирање. Помал процент беа алоцирани кај печатените медиуми и кај дел од локалните битолски медиуми.

Ефективното промовирање, како и градењето и задржувањето позитивна перцепција за брендот на Банката бараат осмислени ПР-активности. Користење мрежа на новинари кои ќе покажат спремност кога имаме позитивни објави за Банката да одвојат простор за објава на наши ПР-текстови. Позитивните медиумски објави имаат повеќекратно поголемо влијание во градењето на позитивната репутација и имиџ на Банката, во однос на платен рекламен простор.

Во согласност со процената дека постои значителен ефект од outdoor рекламирањето vis-à-vis цената на чинење, направени се четири рекламни кампањи во текот на годината (корпоративна за генерално подигање на свесноста за брендот; кампања за автомобилски кредит заедно со АутомотивГруп ДОО Скопје; кампања за рекламирање пакет производи и новогодишна кампања).

Договорено е етапно менување на бојата на Банката. Сериозни корпорации и фирми разбираат дека правилното користење на боите е од круцијално значење за задржување позитивна перцепција кај своите клиенти. Дополнително, бојата игра огромна улога во нашата меморија. Ги стимулира сите сетила, успешно пренесувајќи пораки како ретко кој друг комуникациски метод. Оттука, правилниот избор на доминантната боја на Банката е значаен во нашата маркетиншка комуникација со постоечките и потенцијални клиенти. Од досегашното користење на CMYK C 100%, M 0%, Y 100%, B 0%, утврдено е користење CMYK C 75%, M 5%, Y 48%, K 20%. Новата боја е модерна и дава поголеми можности за маркетиншки креативни варијации и комбинирања со други бои. Се задржува користењето на зелената боја, (во различна нијанса), која психолошки во бизнис-интеракциите буди асоцијации на богатство, изобилие, просперитет и пари. Новата зелена во себе содржи син пигмент и дава можност за дополнително користење на сината боја, која асоцира на стабилност и на сигурност.

Изготвување книга на стандарди на Банката е предвидено за наредната година. Дотогаш, етапно се врши менување на изгледот на комуникациските алатки (нов фонт, меморандуми, коверти, визит-карти, изводи од картички, папки...).

Реализирани се акции за унапредување на брендот на СТББТ. Воведени се сандачиња во експозитурите со анкетни листови за мерење на задоволството на клиентите, нови тотеми договори со серија фирми за попуст при плаќање со платежни картички на Банката.

## 9. Извештај за корпоративно управување

Во согласност со Статутот на Стопанска банка а.д. Битола, во 2016 година Банката ги остваруваше своите активности преку органите на Банката: Собрание на акционери, Надзорен одбор, Одбор за управување со ризици, Одбор за ревизија, Управен одбор, Одбор за надгледување на информативната технологија и АЛКО одбор. Имајќи ги предвид измените во Законот за банките („Службен весник на РМ“ бр.190/16) од 17.10.2016 година,

во периодот што следува Банката ќе го усогласи своето работење со одредбите од овој Закон во рамки на законски предвидениот рок.

### 9.1. Собрание на акционери

Собранието на акционери, како највисок орган на управување во Банката, со состојба на 31.12.2016 година го сочинуваат 1225 акционери. Во текот на 2016 година, делувајќи во согласност со законските прописи и Статутот на Банката, Собранието одржа една редовна седница.

На седницата одржана на 11.5.2016 година беа разгледани и усвоени: записниците од 36. и 37. седница на Собранието, Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2015 година, извештаите за работењето на Надзорниот одбор, Одборот за ревизија, Секторот за внатрешна ревизија за 2015 година, Годишната сметка и Извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2015 година, Деловната политика, Развојниот и Финансискиот план на Банката за периодот 2016-2020 година, Одлуката за усвојување на листа на нето-должници за 2015 година, Одлуката за соодветност на Кодексот за корпоративно управување, Одлуката за распоред на остварената добивка во 2015 година, Одлуката за избор на Друштво за ревизија за период од 2016 до 2017 година и Одлуката за издавање на должнички хартии од вредност (корпоративна обврзница) по пат на јавна понуда (прва емисија на долгорочни хартии од вредност).

Со состојба на 31.12.2016 година, акционерскиот капитал на Банката е составен од 390.977 обични акции. Акционер со квалификувано учество во Банката е „Пелистерка АД Скопје“, кој заедно со поврзаното лице „Тимох ДОО Скопје“ поседува 21,85% од вкупниот број акции со право на глас, т.е. обични акции. Претставник на акционерот со квалификувано учество во Надзорниот одбор на Банката е г. Дејан Панделески.

### 9.2. Надзорен одбор

Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола (во понатамошниот текст: НО), во согласност со Статутот и Законот за банките, го сочинуваат седум члена именувани со Одлука од Собрание на акционери, од кои два се независни членови. Одлуката за именување членови на НО стапува во сила по одбивање на согласност од НБРМ. Во текот на 2016 година НО на Банката делуваше во следниот состав: г. Ненад Јосифовиќ – претседател, г. Панче Нефтенов – заменик-претседател и независен член, г. Дејан Панделески – член, г. Иванчо Велјановски – член, г. Кирил Митровски – член, г-ѓа Александра Радевска – член и г. Коста Костадиновски – независен член.

| **Член** | НЕНАД ЈОСИФОВИЌ - претседател на Надзорен одбор |
|---|---|
| Датум на прво именување | 29.2.2012 година |
| Датум на истекување на мандатот | 8.5.2017 година |
| Професија | Дипломиран правник |
| Членства во други органи на управување или надзор | Неизвршен член на Одбор на директори - ГТЦ АД Скопје |
| Исполнување на критериуми за независност (само за независните членови) | / |

| | |
|---|---|
| **Член** | ПАНЧЕ НЕФТЕНОВ – заменик-претседател - независен член на Надзорен одбор |
| Датум на прво именување | 7.3.2012 година |
| Датум на истекување на мандатот | 8.5.2017 година |
| Професија | Адвокат |
| Членства во други органи на управување или надзор | Член на Надзорен одбор - АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје<br><br>Адвокат Панче Нефтенов - овластено лице |
| Исполнување на критериуми за независност (само за независните членови) | Да |
| **Член** | ДЕЈАН ПАНДЕЛЕСКИ - член на Надзорен одбор |
| Датум на прво именување | 29.2.2012 година |
| Датум на истекување на мандатот | 9.6.2017 година |
| Професија | Дипломиран економист, м-р по бизнис администрација во маркетинг |
| Членства во други органи на управување или надзор | Неизвршен член на одбор на директори - Градежно трговско друштво БЕТОН-ШТИП акционерско друштво Штип<br><br>Извршен член на одбор на директори - Пелистерка АД Скопје<br><br>Претседател на непрофитната организација - Здружение на граѓани ГРУПА ЗА ПОДДРШКА-Скопје – овластено лице<br><br>Основач /сопственик - Друштво за градежништво ТИМ ДОО Скопје<br><br>Основач /сопственик - ДПТУУТИМОХ увоз-извоз ДОО Скопје |
| Исполнување критериуми за независност (само за независните членови) | / |
| **Член** | ИВАНЧО ВЕЛЈАНОВСКИ - член на Надзорен одбор |
| Датум на прво именување | 29.2.2012 година |
| Датум на истекување на мандатот | 8.5.2017 година |
| Професија | Дипломиран биолог |
| Членства во други органи на управување или надзор | Генерален извршен директор - Фабрика за квасец и алкохол АД Битола |
| Исполнување критериуми за независност (само за независните членови) | / |

| | |
|---|---|
| **Член** | КИРИЛ МИТРОВСКИ - член на Надзорен одбор |
| Датум на прво именување | 10.10.2012 година |
| Датум на истекување на мандатот | 26.8.2017година |
| Професија | Дипломиран економист |
| Членства во други органи на управување или надзор | Извршен член на Одбор на директори - „ИНВЕСТ БРОКЕР„ АД Скопје<br><br>Член на Надзорен одбор – Завод за испитување на материјали и развој на нови технологии СКОПЈЕ АД Скопје<br><br>Основач - Здружение за заштита на правата на акционерите во Топлификација АД Акционери во топлификација Скопје<br><br>Основач – Друштво за производство, трговија и услуги ТЕА увоз-извоз АД Скопје |
| Исполнување критериуми за независност (само за независните членови) | / |
| **Член** | АЛЕКСАНДРА РАДЕВСКА - член на Надзорен одбор |
| Датум на прво именување | 1.4.2013 година |
| Датум на истекување на мандатот | 8.5.2017 година |
| Професија | Магистер по економски науки, во обласа на сметководство и ревизија<br><br>Овластен ревизор |
| Членства во други органи на управување или надзор | / |
| Исполнување критериуми за независност (само за независните членови) | / |
| **Член** | КОСТА КОСТАДИНОВСКИ - независен член на Надзорен одбор |
| Датум на прво именување | 1.4.2013 година |
| Датум на истекување на мандатот | 8.5.2017 година |
| Професија | Дипломиран економист |
| Членства во други органи на управување или надзор | Главен извршен директор - Илирика Фунд Менаџмент АД Скопје<br><br>Друштво за посредување, трговија и услуги Гип суппорт ДОО Скопје - содружник |
| Исполнување критериуми за независност (само за независните членови) | Да |

Во периодот 1.1-31.12.2016 година НО одржа 37 седници на кои беа разгледувани материјали изготвени од стручните служби и органите на Банката преку кои НО го следеше движењето на сите финансиски показатели, Билансот на состојба, Билансот на успех, профитабилноста и ликвидноста на Банката, депозитите на правните и физичките лица, остварените приходи и расходи на Банката со нивната структура, сопствените средства, стапката на адекватност на капиталот, причините за подобрувањата и влошувањата на портфолиото на Банката и сите останати значајни прашања од работењето на Банката. Во рамките на своите надлежности Надзорниот одбор донесе: Политика за управување со ризик од земја, Политика за управување со стратегиски ризик, Политика за процесот на утврдување на интерниот капитал на Стопанска банка а.д. Битола, Политика за управување со кредитен ризик, Стратегија за управување со ризиците, Политика за вработување (селекција и регрутација) во Стопанска банка а.д. Битола, Политика за управување со ликвидносен ризик, Политика за одржување на сопствените средства на Стопанска банка а.д. Битола, Каталог на обезбедувања на Стопанска банка а.д. Битола, Политика за управување со кредитен ризик, Политика за користење на годишен одмор, Политика за користење на услуги од надворешни лица, Стратегија за воспоставување соодветно ниво на подготвеност за заштита од потенцијални закани присутни во дигиталниот простор, Програма-Политика за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Политика за управување со оперативен ризик, Политика за управување со пазарен ризик, Политика за управување со валутен ризик, Политика за управување со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности, Политика за ревизорска трага, Политика за сигурност на информативниот систем, План за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2017 година, План за управување со ликвидносен ризик во вонредни услови, Политика за управување со ликвидносен ризик, Каталог за обезбедување на Стопанска банка а.д. Битола – дополнување.

Воедно, Надзорниот одбор на Банката ги одобри: Деловната политика, Развојниот и Финансискиот план за периодот 2016-2020 година, Годишната сметка за 2015 година, ревидираните финансиски извештаи, Листата на нето-должници и Годишниот извештај за работењето на Банката во 2015 година, ги прифати извештаите на супервизијата и други извештаи од Народната банка и други надлежни институции, извештаите на Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија, АЛКО Одборот, Одборот за надгледување на информативната технологија, Секторот за внатрешна ревизија, извештаите за работењето на Банката, усогласеноста на работењето на Банката во согласност со Законот и другите подзаконски акти, елаборатите за отпис на побарувања, како и други информации и извештаи од својата надлежност.

### 9.3. Одбор за управување со ризици

Одборот за управување со ризици (во понатамошниот текст: ОУР) во текот на 2016 година функционираше во состав од пет членови именувани од страна на Надзорниот одбор на Банката. Притоа, членовите на ОУР се лица со посебни права и одговорности вработени во Банката, имаат познавање за работењето на Банката, нејзините производи и услуги и имаат познавање за ризиците на кои е изложена Банката, ги исполнуваат условите предвидени со Законот за банките и имаат искуство во областа на банкарството од најмалку три години.

Со Одлука број 02-677/II-37 од 29.1.2015 година за измена на Одлуката за именување членови на ОУР бр 02-4860/II-29 од 29.10.2013 година, во дел од 2016 година ОУР функционираше во следниот состав: г-ѓа м-р Гордана Балтовска – претседател, г-ѓа Наташа Илиевска – заменик-претседател, г-ѓа Софка Ангелевска – член, г. Стево Цветковски – член и

г. Љупчо Милошевски - член, а за заменици-членови беа назначени г-ѓа д-р Наташа Несторовска и г-ѓа Наталија Мицковска. Со Одлука број 02-15275/1/II-11 од 31.8.2016 година за измена на Одлуката за именување членови на ОУР бр 02-677/II-37 од 29.1.2015 година, како членови на Одборот беа именувани: г-ѓа м-р Гордана Балтовска – претседател, г-ѓа Наташа Илиевска – заменик-претседател, г-ѓа Софка Ангелевска – член, г. Живко Атанасов – член и г. Љупчо Милошевски - член, а за заменици-членови беа назначени г-ѓа д-р Наташа Несторовска и г-ѓа Наталија Мицковска.

Во периодот 1.1-31.12.2016 година ОУР одржа 93 седници на кои беа разгледувани и анализирани: записниците од минатите седници на ОУР, извештаите кои се доставуваат на декадна, месечна, квартална, полугодишна и годишна основа, според Каталогот на извештаи на Стопанска банка а.д. Битола, предлозите по однос на барањата за продолжувања и реструктурирања на кредитни изложености на клиенти, предлозите за склучување спогодби за наплата кај клиенти кои имаа тешкотии при измирувањето на обврските кон Банката, предлозите за присилна наплата кај клиенти кај кои побарувањата не можеа да се наплатат доброволно со договор, како и интерните акти со кои се регулираа управувањето со различните ризици во работењето на Банката. Исто така, беа предлагани мерки и активности за управување со одделни видови ризици на кои е изложена Банката со цел одржување на прифатливо ниво на ризик. Воедно, ОУР ги следеше законските прописи и прописите на НБРМ кои се однесуваат на управување со ризици и се грижеше за усогласеност на интерните политики и процедури со важечката регулатива. Во согласност со Законот за банките, ОУР на месечна основа доставуваше извештаи за своето работење до Надзорниот одбор на Банката и извештаи до Одборот за ревизија на квартална основа, во кои беа опфатени промените во ризичните позиции на Банката, промените во Стратегијата за управување со ризици, ефектите од управувањето со ризиците врз перформансите на Банката, како и преземените мерки и инструменти за заштита од ризиците и ефектите од истите.

### 9.4. Одбор за ревизија

Во согласност со одредбите од Законот за банките, Статутот на Стопанска банка а.д. Битола и други прописи, Одборот за ревизија (во понатамошниот текст: ОР) како орган на Банката е именуван на Собранието на акционери. Овој Одбор се состои од пет членови со мандат од две години, од кои тројца се избрани од редот на НО, а другите двајца се независни.

Претседател на ОР е г. Жарко Михајловски кој воедно е и независен член. Функцијата независен член на ОР ја извршуваше и г. Стевчо Јолаковски. Членови на ОР избрани од редовите на НО се: г. Ненад Јосифовиќ, г. Панче Нефтенов и г. Дејан Панделески.

При изборот на независни членови на ОР во целост беа испочитувани критериумите за независност утврдени со Законот за банките. Независните членови и со нив поврзаните физички лица не се вработени, ниту се лица со посебни права и одговорности во Банката, не се акционери со квалификувано учество во Банката, ниту застапуваат акционер со квалификувано учество во Банката, не работат, односно во последните три години не работеле во друштво за ревизија кое во тој период вршело ревизија на работењето на Банката, и во последните три години немале материјален интерес или деловен однос со Банката кој просечно годишно надминува 3.000.000,00 денари.

Во периодот 1.1-31.12.2016 година ОР ги извршуваше своите активности утврдени со законските акти, подзаконските прописи и интерните акти на Банката. ОР во текот на 2016 година одржа пет седници на кои ги разгледа финансиските извештаи на Банката и се грижеше за точноста и транспарентноста на објавените финансиски информации за работењето на Банката во согласност со прописите и меѓународните сметководствени стандарди, го следеше и изврши оценка на системот за внатрешна контрола, ја следеше работата и ја оценуваше ефикасноста на Секторот за внатрешна ревизија, го следеше процесот на ревизија на Банката и ја оценуваше работата на друштвото за ревизија, во континуитет го следеше усогласувањето на работењето на Банката со прописите што се однесуваат на сметководствените стандарди и финансиските извештаи. Воедно, ОР во текот на 2016 година остваруваше континуирана соработка со УО и со Секторот за внатрешна ревизија, а ги разгледуваше и извештаите од работењето на Одборот за управување со ризици.

На седниците на Одборот редовно присуствуваа мнозинството членови на ОР, членовите на УО и директорот на Секторот за внатрешна ревизија.

### 9.5. Управен одбор

Во согласност со Статутот на Стопанска банка а.д. Битола, Управниот одбор (во понатамошниот текст: УО) на Банката се состои од тројца членови кои се подеднакво одговорни за работењето и за обврските што ги презема Банката. Членовите на УО се назначуваат на предлог на НО, а врз основа на претходна согласност од гувернерот на НБРМ. Со Одлука за именување на Управниот одбор на Банката се определува претседател на УО и двајца членови.

Функцијата членови на УО во текот на 2016 година ја извршуваа: г. м-р Владимир Ефтимоски – претседател на УО, г-ѓа м-р Гордана Балтовска – член на УО и г-ѓа д-р Наташа Несторовска – член УО.

Во табелата подолу се дадени основните информации за членовите на УО и нивните надлежности по одделни сегменти од работењето на Банката.

| **Член** | **Функција** | Надлежности |
|---|---|---|
| **Владимир Ефтимоски** | Претседател на Управен одбор | - Општи правни работи;<br>- Кабинет на Управен одбор;<br>- Маркетинг и комуникации;<br>- Човечки ресурси;<br>- Работа со правни лица;<br>- Работа со физички лица;<br>- Мрежа на експозитури. |
| **Гордана Балтовска** | Член на Управен одбор | - Управување со ризици;<br>- Поддршка и финансии;<br>- Усогласеност со прописи;<br>- Спречување на перење пари и финансирање тероризам; |

| | | |
|---|---|---|
| | | - ОСИС лице. |
| **Наташа Несторовска** | Член на Управен одбор | - Процесинг;<br>- Управување со имот и безбедност;<br>- Организација и ИТ;<br>- Дилинг и пазар на пари. |

Управниот одбор на Банката во текот на 2016 година одржа 65 седници, притоа работејќи во согласност со законските прописи и Статутот на Банката и извршувајќи ги одлуките донесени од Собранието на акционери и од Надзорниот одбор. Воедно, Управниот одбор водеше грижа за спроведување на донесените одлуки, покренуваше иницијативи и даваше предлози за унапредување на работењето на Банката, донесуваше одлуки за каматните стапки и тарифниците на Банката, ги разгледуваше месечните остварувања во однос на планот и на месечна основа го известуваше Надзорниот одбор за остварените резултати од работењето, утврдуваше предлози и други акти за кои одлучува Надзорниот одбор. Исто така, Управниот одбор се грижеше за информирање на акционерите на Банката, донесуваше соодветни интерни упатства, процедури и други акти и се грижеше за нивно спроведување и усогласување во согласност со промените во регулативата и условите на работење.

### 9.6. Одбор за надгледување на информативната технологија

Врз основа на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола (Пречистен текст), НО 02-2482/I-2 од 26.3.2015 година, и Деловникот за работа на Одборот за надгледување на информативната технологија (во понатамошниот текст ОНИТ) се состои од шест членови назначени од страна на Надзорниот одбор на Банката, со мандат од 4 (четири) години. Функцијата членови на ОНИТ во дел од 2016 година ја извршуваа: г-ѓа д-р Наташа Несторовска – претседател, г. Миле Ивановски – заменик-претседател, г. Стево Цветковски – член, г. Георги Дојчиновски – член, г. Живко Атанасов – член и г-ѓа Наталија Михајловска – член без право на глас. Во согласност со Одлука од НО донесена на 31.8.2016 година, функцијата членови на ОНИТ, почнувајќи од 1.9.2016 година, ја извршуваа: г-ѓа д-р Наташа Несторовска – претседател, г. Живко Атанасов – заменик-претседател, г-ѓа Јасмина Диневска – член, г-ѓа Билјана Јанакиевска – член, г. Миле Ивановски – член и г-ѓа Наталија Михајловска – член без право на глас.

Во текот на 2016 година ОНИТ одржа 31 седница на кои се следеше имплементацијата на стратегиските планови во согласност со долгорочната стратегија на Банката, трендовите во банкарскиот сектор, развојот на технологијата и барањата на регулаторните тела и институции, имплементацијата на оперативните планови кои се однесуваа на потребната инфраструктура, хардвер, софтвер, човечки ресурси и нивната меѓусебна координација.

ОНИТ на месечно ниво го следеше и статусот на проектите и беа дадени одредени насоки со цел поголема ефикасност и ефективност во нивната имплементација. Поважни проекти во овој период беа Проектот за имплементација на систем за електронско банкарство и Проектот за имплементација на мобилно плаќање – Mobipay. Исто така, беше констатирано дека е успешно завршен Проектот за редизајнирање на интернет-страницата на Банката, а беше разгледувана потребата за отворање нови проекти како Проект за прекугранични плаќања во евра преку МИПС во платниот систем ТАРГЕТ 2. Воедно, во

рамките на ОНИТ беа разгледувани и се одлучуваше по барања за нови функционалности, измени во софтвер, нови барања и контролни механизми врз основа на барањата на службите и препораките на Секторот за внатрешна ревизија. Притоа, должно внимание се посветуваше и на намалување на трошоците за спроведување на овие решенија, односно за секое решение се правеше детална анализа на потребните ресурси и се водеше грижа дали нивната имплементација е во согласност со предвидените планови и буџет на Банката.

Работењето на ОНИТ во изминатиот период беше во согласност со законската регулатива, интерните акти на Банката и целите на Банката, од аспект на активностите во делот на ИТ, сигурноста на информативниот систем, потребите на Банката во делот на софтверски и хардверски ресурси и решенија, управувањето со проекти и нивната успешна имплементација. ОНИТ за својата работа доставуваше квартални извештаи до Управниот и до Надзорниот одбор на Банката.

### 9.7. АЛКО одбор

АЛКО одборот е одбор за управување со активата и пасивата на Банката, формиран со Одлука од Надзорен одбор донесена на ден 18.10.2014 година. Во согласност со оваа Одлука, за членови на АЛКО одборот, со мандат од 4 (четири) години, се именувани: г-ѓа м-р Гордана Балтовска – претседател, г-ѓа д-р Наташа Несторовска – заменик-претседател, г-ѓа Софка Ангелевска – член, г-ѓа Весна Дацева – член, г-ѓа Наталија Мицковска – член, г-ѓа Наташа Трајкова – заменик-член и г-ѓа Моника Ресановиќ – заменик-член. Дополнително, со Одлука од НО бр.18827/1/II-38 од 26.10.2016 година, за член на АЛКО се именува и г-ѓа Јасмина Диневска.

Составот, надлежностите и начинот на работа и одлучување на Одборот за управување со актива и пасива, како и други прашања поврзани со активностите на Одборот се уредени со Деловникот за работа на Одборот за управување со актива и пасива. Врз основа на овој Деловник, АЛКО одборот ги има следните функции: ја разгледува и ја анализира висината на каматните стапки на Банката и ги следи движењата на каматните стапки на конкурентските банки, светските трендови, како и референтните стапки, ја определува стратегијата за управување со активата и пасивата, управува со пазарниот ризик, ги следи и управува со средствата и обврските на Банката во согласност со Деловната политика, Развојниот и Финансискиот план, ја следи ликвидноста на Банката и управува со ликвидносниот ризик на кој е изложена Банката, го определува нивото на маржите, односно провизиите за активностите и услугите на Банката при работењето со клиенти, ги утврдува влијанието и хармонизацијата на новите продукти и услуги, ја утврдува потребата од нови кредитни линии и дава насоки за пласмани од овие кредитни линии. Во текот на 2016 година, АЛКО одборот одржа 54 седници и за својата работа доставуваше месечен извештај до Управниот одбор и квартален извештај до Надзорниот одбор на Банката.

### 9.8. Усогласеност на корпоративното управување со Кодексот за корпоративно управување на Стопанска банка а.д. Битола

Кодексот на корпоративно управување на Стопанска банка а.д. Битола (во понатамошниот текст: Кодексот) е поставен во согласност со одредбите од Одлуката на НБРМ за основите начела и принципи на корпоративно управување во Банка („Сл. весник на РМ“ бр.159/07). Со Кодексот за корпоративно управување во Стопанска банка а.д. Битола се уредени основните начела и принципи за корпоративно управување во Банката, како збир од заемни односи меѓу Управниот одбор, другите лица со посебни права и одговорности кои

извршуваат раководна функција во Банката, Надзорниот одбор, акционерите и останатите заинтересирани субјекти.

Во текот на 2016 година, Банката во целост ги почитуваше принципите на корпоративно управување предвидени со Кодексот за корпоративно управување во Стопанска банка а.д. Битола во поглед на: остварување на правата и интересите на акционерите, транспарентност на сопственичката структура, општествена одговорност, ефикасно корпоративно управување, поделба на надлежностите помеѓу органите кои вршат надзор и контрола и органите кои управуваат со работењето на Банката, редовна и ефикасна контрола и ревизија на работењето на Банката, почитување на законите, етичките стандарди и практики, независност и објективност при извршување на обврските од страна на членовите на органите на управување и надзор, информирање на јавноста, заштита на доверливи информации и лични податоци.

Во извештајниот период Банката ги почитуваше одредбите од Кодексот за корпоративно управување кои се однесуваат на постапката за свикување Собрание на акционери, постапката за гласање и правата на акционерите. Воедно, соработката помеѓу Надзорниот и Управниот одбор се одвиваше на начин предвиден со Кодексот, притоа запазувајќи ги роковите, видот и начинот на доставување информации, извештаи и документи од страна на Управниот до Надзорниот одбор, како и начинот на постапување во ситуации кога постои судир на интереси.

Членовите на Надзорниот и Управниот одбор и на другите органи на Банката беа именувани во согласност со критериумите и правилата предвидени со Кодексот за корпоративно управување во Банката и истите во целост ги исполнуваа обврските, одговорностите и начинот на работа, притоа почитувајќи ги законските прописи и интерните акти.

Секторот за внатрешна ревизија и Службата за усогласеност со прописите во 2016 година делуваа во согласност со делокругот на работа, обврските и одговорностите предвидени со Кодексот за корпоративно управување во Банката. Изборот на Друштво за ревизија се одвиваше во согласност со постапката и критериумите опфатени во Кодексот.

### 9.9. Политика за идентификување на потенцијалните судири на интереси

Во текот на 2016 година, Стопанска банка а.д. Битола работеше во согласност со Политиката за идентификување на потенцијалните судири на интереси во која се утврдени конкретни мерки и активности на органите на управување и вработените во Банката за намалување на појавните облици на судир на интереси, идентификување, управување и спречување на последиците од истиот.

Со цел да се спречи појава на судир на интереси во Банката во 2016 година, членовите на Управниот и на Надзорниот одбор и лицата со посебни права и одговорности на секои шест месеци потпишуваа писмена Изјава за можен судир, каде што се прифаќаа ограничувањата  на нивната слобода во однос на прифаќање ангажмани спротивни на интересите на Банката во согласност со Законот за банките. Воедно, овие лица не присуствуваа при донесувањето одлуки, склучувањето договори или при вршењето друга деловна активност во ситуација кога нивната објективност беше доведена во прашање позаради судир на нивниот личен интерес и интересот на Банката.

Во согласност со Политиката за идентификување на потенцијалните судири на интереси, вработените во Банката беа задолжени да го пријават секој личен деловен потфат или финансиски интерес (како и интересот на членовите на нивните семејства), којшто би можел да се одрази на угледот и на чесноста на работењето на Банката. Воедно, вработените во Банката треба да избегнуваат какви било политички активности коишто би ги довеле во прашање должностите и одговорностите како професионалци во Банката и треба да се воздржуваат од активен партиски или политички ангажман во време на извршување на работните задачи во Банката.

Конкретно, во согласност со измените во Законот за банките, кога трансакцијата мора да биде одобрена од Надзорниот одбор, во случаи на одобрување кредитна изложеност или друг вид трансакција со поврзани лица со Банката во износ од над 6.000.000,00 денари, членот на Надзорен одбор или лицето со посебни права и одговорности во случај на можен судир на интерес се иззема од учество во расправата и при донесувањето одлуки членот на орган на управување, лице со посебни права и овластувања редовно за секој судир на интереси или можен судир во кој Банката остварува интерес го известува Надзорниот одбор.

### 9.10. Корпоративна општествена одговорност

Една од стратегиските цели поставени со Деловната политика, Развојниот и Финансискиот план на Банката беше интензивирање на активностите во делот на општествена одговорност. Во согласност со ваквата стратегиска определба, во текот на 2016 година, Банката ја продолжи својата долгогодишна традиција насочена кон хуманитарни цели. Така, во пресрет на новогодишните и божиќните празници, Стопанска Банка а.д. Битола подари новогодишни пакетчиња на децата од ОУ „Ѓорги Сугарев“, Здружението за развој на ромската заедница „Сумнал“ и Домот за деца без родители од Битола. Воедно, Банката обезбеди помош во вид на донација за поплавените подрачја во скопскиот регион.

Стопанска банка а.д. Битола во 2016 година ги поддржуваше и активностите во доменот на образованието, музиката и спортот. Во тој контекст, Банката во 2016 стана еден од поддржувачите на Скопскиот маратон со цел сите заедно да го зајакнеме градскиот дух, градската енергија и заедно да ја шириме пораката за здрав живот и општествена хармонија. Исто така, Стопанска Банка а.д. Битола во својство на ексклузивен покровител го поддржа одржувањето на првиот Skopje Calling фестивал, а ги спонзорираше и концертите на Enrike Iglesias и на John Newman. Воедно, Банката спонзорираше и настани во рамки на Битолско културно лето, а беше и генерален спонзор на традиционалното, 11. по ред, доделување на наградата Дописник на годината „Менде Петковски“, во организација на редакцијата „Дневник“.

### 9.11. Награди и признанија

Делувајќи во согласност со Деловната политика, Развојниот и Финансискиот план, Банката во 2016 година беше наградена со значајни меѓународни признанија. Во тој контекст, вторпат по ред Стопанска банка а.д. Битола беше прогласена од светски познатиот финансиски магазин „Global banking and Finance Review“ за најдобра банка во Македонија, во категориите: работа со правни лица и работа со население, додека претседателот на Управниот одбор на Банката, м-р Владимир Ефтимоски, ја доби наградата за најдобар главен извршен менаџер во банкарскиот сектор во 2016 година. Истата година, од страна на списанието „The Business Worldwide“, тој беше избран за најдобар главен извршен менаџер

во банкарскиот сектор на Македонија, како и за најиновативен извршен директор во Македонија.

### 9.12. Организациска структура и управување со човечки ресурси

Во согласност со организациската поставеност на Банката претставена преку организациската шема (Прилог 2), во текот на 2016 година Банката ги остваруваше своите активности преку органите на Банката: Собрание на акционери, Надзорен одбор, Одбор за управување со ризици, Одбор за ревизија, Управен одбор, Одбор за надгледување на информативната технологија и АЛКО одбор. Покрај овие органи, организациската поставеност на Банката опфаќа: 11 сектори, 32 служби, ОСИС лице и 19 експозитури и еден шалтер, распоредени низ следните градови во државата: Битола, Скопје, Прилеп, Охрид, Тетово, Велес, Кавадарци, Струмица, Гевгелија, Демир Хисар и Ресен.

Во текот на 2016 година Банката продолжи со процесот на доекипирањето и засилувањето на работната сила. Во таа насока, беа извршени вкупно 24 вработувања, додека 18 вработени заминаа од Банката. Бројот на вработени на крајот на годината изнесува 231, што укажува на вкупен обрт на вработени од 7,79% – број кој укажува на нормален, здрав обрт на човечки капитал во Банката. Од друга страна, пак, бројот на вработени во 2016 во споредба со претходната година ефективно е зголемен за 2,6%.

Во текот на 2016 година беа пополнети одредени менаџерски позиции преку регрутирање/назначување висококвалификуван кадар со банкарско искуство – директор на Секторот за процесирање и директор на Секторот за организација и ИТ.

Покрај пополнувањето на менаџерските позиции, во 2016 година беше вработен млад, перспективен кадар без работно искуство, кој е идниот голем потенцијал на Банката, но и млад кадар со претходно работно искуство во банкарскиот сектор. Со ангажирањето млад кадар, Банката го продолжи трендот на подмладување на кадарот, така што просечната старост на вработените во 2016 година е намалена за 1,3% и изнесува 40,1 година.




Имајќи ги предвид стратегиските цели на Банката за позиционирање на пазарот и за подобрување на квалитетот на услугите во текот на 2016 година, беа организирани и голем број интерни и екстерни обуки, семинари и работилници.

Политиката за наградување на Стопанска банка а.д. Битола е усогласена со Кодексот на корпоративно управување и истата ги дефинира критериумите и начините на наградување на менаџментот и вработените со цел поттикнување нивна целосна ангажираност за остварување континуиран раст и развој на Банката. При наградување на членовите на Управниот одбор, се земаат предвид критериумите пропишани во принципот 4.6., точка 2 од Одлуката за основните начела и принципи за корпоративно управување во банка („Службен весника на РМ“ бр.159/2007). Наградувањето на членовите на Управен одбор се состои од: годишни бонуси, еднократни месечни бонуси и нематеријални награди (обуки, семинари, конференции и работилници). Начинот и износот на наградување на членовите на Управниот одбор се дефинираат со одлуки донесени од страна на Надзорниот одбор на Банката. За наградување на лицата со посебни права и одговорности Политиката поставува критериуми кои треба да бидат исполнети за остварување: годишни бонуси со Одлука од Надзорен одбор, како и еднократни месечни бонуси и нематеријални награди за кои одлучува Управниот одбор. Надоместоците на Надзорниот одбор со посебен акт се определуваат од страна на Собранието на акционери.

Во 2016 година на членовите на Надзорниот и на Управниот одбор, како и другите лица со посебни права и одговорности им беа исплатени вкупно 33,05 милиони денари за бруто-плати, останатите примања (регрес за годишен одмор и др.) во вкупен износ изнесуваа 13,52 милиони денари. За присуство на седници на членовите на НО им беа исплатени 4,32 милиони денари, а на членовите на ОР им беа исплатени 0,64 милиони денари.

Со состојба на 31.12.2016 година, вкупниот износ на одобрени кредити и други облици на изложеност кон членовите на Надзорниот и на Управниот одбор, како и другите лица со посебни права и одговорности и со нив поврзаните лица, изнесува 78,71 милиони денари. Обврските кон овие лица со состојба на 31.12.2016 година изнесуваат 168,00 милиони денари.

# Прилог 1 – Показатели за работењето на Стопанска банка а.д. Битола

| (во 000 денари и во %) | 31.12.2015 | 31.12.2016 | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| **Показатели од Билансот на состојба** | | | |
| Вкупна актива | 9.630.204 | 10.580.550 | 950.346 |
| Бруто-кредити на нефинансиски субјекти | 6.581.021 | 6.266.557 | -314.465 |
| *Редовни кредити* | 5.563.522 | 6.123.231 | 559.709 |
| *Нефункционални кредити* | 1.017.499 | 143.325 | -874.174 |
| Исправка на вредноста и акумулирана амортизација на кредитите и побарувањата | -1.035.353 | -222.826 | 812.526 |
| Депозити на нефинансиски субјекти | 6.085.236 | 6.533.872 | 448.636 |
| Капитал и резерви | 1.255.891 | 1.277.436 | 21.544 |
| Нефункционални кредити како % од бруто-кредити | 15,46% | 2,29% | -13,17% |
| Стапка на покриеност на нефункционалните кредити со исправка на вредноста на кредитите | 100,64% | 148,27% | 47,63% |
| Исправка на вредноста на кредитите како процент од бруто-кредитите | 15,56% | 3,39% | -12,17% |
| Бруто-кредити/депозити на нефинансиски субјекти | 108,15% | 95,91% | -12,24% |
| Вкупни депозити/вкупна актива | 74,73% | 73,20% | -1,54% |
| Вкупни депозити/вкупни обврски | 86,02% | 83,52% | -2,50% |
| **Показатели од Билансот на успех** | | | |
| Нето-добивка/загуба | 7.842 | 30.067 | 22.225 |
| Оперативен резултат | 77.419 | 72.395 | -5.024 |
| ROE по оданочување | 0,62% | 2,35% | 1,73% |
| ROA по оданочување | 0,08% | 0,28% | 0,20% |
| **Показатели за пазарно учество** | | | |
| Актива | 2,27% | 2,38% | 0,10% |
| Кредити на нефинансиски субјекти | 2,37% | 2,23% | -0,10% |
| *Претпријатија* | 2,94% | 2,51% | -0,36% |
| *Домаќинства* | 1,61% | 1,90% | 0,29% |
| Депозити на нефинансиски субјекти | 1,99% | 2,02% | 0,06% |
| *Претпријатија* | 1,88% | 1,99% | 0,21% |
| *Домаќинства* | 2,02% | 2,01% | -0,01% |

**Прилог 2 – Организациска структура на Стопанска банка а.д. Битола**

